Република Македонија
Министерство за внатрешни работи

Доставено до:

- Општина Крива Паланка
- ПС за ГП и ГН-Крива Паланка

Рег.бр. 24.6-200/1

Крива Паланка 01.08.2017

ПРЕДМЕТ: Известување, *доставува*.-

Министерство за внатрешни работи

БЈБ-ОГРМ
РЦ за ГР -Север
ПС за ГП и ГН
„ Крива Паланка “

ул.Св. Јоаким Осоговски 15
Крива Паланка

Тел. (031) 375-110
Факс: (031) 375-110

Во врска со барањето на општината Крива Паланка за отварање на привремен граничен премин, Ве известуваме дека од страна на МВР е донесено решение бр. 22.5.2.1-4319/1 од 21.07.2017 година, за определување привремен граничен премин „Огут - Лесница“ за ден 19.08 и 08.09.2017 година.

➢ Услови за преминување на државната граница:

За преминување на државната граница преку привремениот граничен премин потребно е физичкото лице да ги исполнува следните услови:

- Да е државјанин на РМ, односно на РС,
- Во наведените денови да има основана причина за преминување на државната граница и престој во пограничната зона, и
- Да поседува патен документ (лична карта или пасош) издаден согласно националното законодавство од надлежен државен орган на Република Македонија, односно Република Србија, со кој може да се утврди идентитетот на лицето.

Воедно Ве известуваме дека за таа цел, на наведените датуми државната граница ќе биде отворена кај граничен камен 12 во с.Огут, во време од 08.00 до 21.00 часот, а граѓаните државната граница може да ја преминуваат пешки, со користење на патнички автомобил, мопед или велосипед.

Актот Ви се доставува за Ваше запознавање.

Командир на ПС за ГП и ГН-Крива Паланка
самостоен инспектор м-р Билјана Михаиловска